| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Пролет во овошната градина |
| **Содржина на денот** | Ајде да учиме |
| **Возраст** | 3-4 години |
| **Воспитувач** | Александра Миладинова |
| **Дневни активности** | |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор за овошјето и зеленчукот во градината, како правилно да се конзумира истиот. |
| **Активности** | Игра- Шарени топки.<br>Детето игра во домот со своите играчки и предмети кој се негови и му служат за игра. Возрасниот му го насочува вниманието кон топчињата кои се во разни бои. Потоа од конец во боја му предлага да направат множество. Со помош на топчињата т.е детето ги зема и секое топче го става во множеството. На барање на возрасниот (кој го поттикнува и мотивира) детето треба да наброи колку топчиња има и какви се по боја. Детето ја одредува нивната боја и почнува да ги брои. Потоа играта продолжува така што од детето се бара да формира множество од едно жолто топче, па потоа од едно црвено топче, следува и сино топче и така по ред детето ги реди во множествата и се констатира дека во секое множество има по едно топче. Возрасниот и детето доаѓаат до заклучок дека во секое множество има по еден елемент и тука припаѓа бројот 1.<br>За релаксација на крај на детето му се нудат боици и лист од блок и се насочува да нацрта повеќе множества со еден елемент. |